Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 точка 13 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 31.10.2016 година ја донесе следната :

# П Р О Г Р А М А

за одржување и проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2017 година

Врз основа на член 21 точка 13 од Статутот на општина Василево, обврска на Советот е да донесе Програма за јавното осветлување. Поконкретни одредби кои се однесуваат на оваа комунална дејност се содржани во Законот за локална самоуправа, Законот за комунални дејности и Законот за комунални такси, како и со Одлуката за комунален ред на општина Василево.

Средствата за финансирање на одржувањето и проширувањето на уличното осветлување се предвидени во Буџетот на општина Василево во Програмата Ј3 - јавно осветлување, и од комуналната такса за улично осветлување регулирана со Закон за комунални такси (Сл.весник на РМ бр.92/07) која изнесува 25 к.вати по броило. Оваа комунална такса се наплаќа од граѓаните заедно со наплатата за потрошена електрична енергија. Овие средства ги прибира ЕВН - КЕЦ - Струмица и истите ги уплатува на жиро сметка на општина Василево и тоа по 139,50 денари по броило за физички лица и 279,50 денари за правни лица.

Бројот на иматели на броила од категоријата потрошувач - домаќинства во текот на годината е променлив, бидејќи во текот на годината има ново пријавени домаќинства, а има и домаќинства кои се одјавуваат бидејќи имаат сезонска потреба од електрична енергија за време додека се вратени од странство.

Моментално на територијата на општина Василево има регистрирано 3159 потрошувачи од кои 3103 се активни домаќинства и 191 деловни субјекти.

Во нашата програма ќе ги опфатиме сите 3.294 активни броила.

Во општина Василево мрежата за јавно осветлување се напојува од 29 трафостаници во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување опремени со броила за мерење на потрошената електрична енергија.

Моменталната состојба со улично осветлување е дадена во табела.

| Ред Бр. | Населено место | Број на домаќинства и правни лица | Број на светилки | Просечен бр. на домаќинства по светилка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Василево | 700 | 202 | 3,46 |
| 2. | Градошорци | 511 | 132 | 3,87 |
| 3. | Ангелци | 249 | 78 | 3,19 |
| 4. | Пиперево | 388 | 115 | 3,37 |
| 5. | Владевци | 177 | 85 | 2,08 |
| 6. | Сушево | 190 | 78 | 2,43 |
| 7. | Радичево | 163 | 81 | 2,01 |
| 8. | Дукатино | 111 | 65 | 1,70 |
| 9. | Доброшинци | 224 | 71 | 3,15 |
| 10. | Нова Маала | 205 | 95 | 2,15 |
| 11. | Чанаклија | 145 | 37 | 3,91 |
| 12. | Висока Маала | 85 | 18 | 4,72 |
| 13. | Седларци | 81 | 44 | 1,84 |
| 14. | Едрениково | 55 | 40 | 1,77 |
| 15. | Требичино | 10 | 9 | 1,11 |
| | **ВКУПНО:** | **3294** | **1150** | **2,86** |
| Поставени сијалични места во индустриски зони | | | | |
| 16. | Индуст. Зона Карбини 33 столба | 12 | 33 | 0,36 |
| 17. | Инд. Зона кон Струмица 14 столба | 7 | 14 | 0,5 |

Од табелата се гледа дека во просек доагат 2.86 домаќинство на едно сијалично место. Најдобра е состојбата во следните населени места Требичино, Дукатино, Едрениково, Седларци, Радичево, Владевци, добра во Нова Маала, Сушево, Доброшинци, Ангелци и Пиперево а полоша во населеното место Василево, Градошорци, Чанаклија и Висока Маала.

При поставувањето на новите светилки основен критериум ќе биде бројот на броила (домаќинства) и должина на населеното место, односно густина на населеност.

Во текот на 2017 година се планира да се постават нови арматури во населените места.

Табела 2

| Ред Бр. | Населено место | Број на домаќинства | Нови сијалични места | Линии (во метри) кабел |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Василево | 700 | 10 | 3000 |
| 2. | Градошорци | 511 | 8 | 2000 |
| 3. | Ангелци | 249 | 3 | 2000 |
| 4. | Пиперево | 388 | 7 | 600 |
| 5. | Владевци | 177 | 5 | 500 |
| 6. | Сушево | 190 | 8 | 1200 |
| 7. | Радичево | 163 | 5 | 400 |
| 8. | Дукатино | 111 | 3 | 600 |
| 9. | Доброшинци | 224 | 5 | 500 |
| 10. | Нова Маала | 205 | 5 | 1000 |
| 11. | Чанаклија | 145 | 10 | 500 |
| 12. | Висока Маала | 85 | 4 | 200 |
| 13. | Седларци | 81 | 3 | 300 |
| 14. | Едрениково | 55 | / | 400 |
| 15. | Требичино | 10 | / | 100 |
| 16. | Инд.зона кон Карбино 33 столба | / | 10 | 2000 |
| 17. | Инд.зона кон Струмица 14 столба | / | 5 | 1500 |
| | **ВКУПНО:** | **3294** | **91** | **16800** |

Со вака извршеното проширување во општина Василево сметаме дека јавното осветлување ќе ги задоволи потребите на граѓаните, бидејќи за 3294 корисници би имало 1226 сијалични места или на секои 2.68 домаќинства доаѓа 1 сијалично место.

Сметаме дека вака поставеното јавно осветлување треба да настојуваме да го одржуваме во исправна состојба.

За реализација на Програмата неопходни се финансиски средства кои се предвидени во буџетот на општина Василево.

Вкупен износ на финансиски средства се 5.000.000,00 ден. од кои:

- 3.000.000,оо ден. за потрошена електрична енергија;
- 2.000.000,00 денар за тековно одржување

Реализацијата на Програмата за улично осветлување и нејзината динамика најмногу зависи од процентот на наплата односно од прибирањето на изворните приходи од населението.

Бр.09-1977/1
01.11..2016г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Драги Митев с.р.